**БИОГРАФИЈА**

Јадранка Марос-Каракашева е родена 1960 година во Скопје. Дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје на групата психологија во 1987 година, магистрирала на Југизападниот Универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград во 2007 година на тема: „Причина за професионален стрес кај наставниците“. Во 2011 година ја заврши едукацијата според стандардите на Европската асоцијација за семејна терапија „ЕФТА“ и се стекна со звање семеен системски психотерапевт.

Во 1991 година се вработува во ООУ „Јоаким Крчовски“ во Скопје како психолог, а од 1996 година работниот однос го продолжува во ООУ „Вера Циривири-Трена“ во Скопје се до пензионирањето во 2024 година.

Со цел унапредување на својот професионален развој учествува на бројни семинари, работилници, предавања и конгреси организирани Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, УСАИД, УНОДЦ и други институции и асоцијации.

Особено е насочена кон развојот на психо-социјалниот, емоционалниот и интелектуалниот развој на младите како и кон подобрување на менталното здравје на индивидуата.

Член е на Комората на психолози од 2009 година.